# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВТОРИОТ ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 58/97 од 17.11.1997 година**

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој (МБОР) со заем во износ од 45 милиони германски марки, за реализација на вториот дел од Проектот за развој на приватниот сектор.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон се утврдуваат со договорот кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија договорот од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 на овој закон е 20 години со грејс период од пет години.

Заемот ќе се отплатува во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 мај и 15 ноември секоја година, почнувајќи од 15 мај 2003 година.

Каматата ќе биде шестмесечен ЛИБОР плус 0,5%.

На неповлечените средства од заемот се плаќа провизија од 0,75% годишно.

Каматата и другите провизии ќе се плаќаат полугодишно на 15 мај и 15 ноември секоја година.

### Член 4

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

Сервисирањето на заемот ќе се врши од средствата кои ќе се формираат со отплата на заемот од страна на крајните корисници.

### Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".